Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за социјална заштита -

**Архивски број:** 10-3710/2

**Датум:** 10-06-2020 **година**

**До:** Иницијатива на жени од Шуто Оризари
Ул. Индира Ганди бб, 1000 Скопје

**Предмет: Известување**

***Почитувани,***

По однос на Вашата иницијатива во рамките на Министерството за труд и социјална политика, односно Центрите за социјална работа да се формира комисија или секторско тело кое ќе одлучува во најбрз можен рок по однос на барањата кои сега ги поднесуваат лицата кои се во социјален ризик, а во време на пандемијата од COVID 19, Ве известуваме за следново:

Во Република Северна Македонија, социјалната заштита како област е уредена со Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19 и 275/19), кој пропис се заснова на начелата на правото на социјална сигурност и социјално осигурување на граѓаните, социјална праведност, хуманост и солидарност. Социјалната заштита е дефинирана како дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и

други мерки утврдени со овој закон. Како вршители на дејноста се предвидени Заводот за социјални дејноси, Установите за социјална заштита, вклучително и центрите за социјална работа, згрижувачки семејства, здруженија и физички лица, под услови и на начин утрвердено во законот.

Центарот за социјална работа е јавна установа со јавни овластувања за вршење на работите од социјалната заштита, кој покрај другите надлежности утврдени со закон, решава за правата од социјална заштита. Стручните работи во центарот за социјлна работа ги вршат стручни работници со соодветен степен на образование, работно искуство, знаења, вештини и други компетенции, како и лиценца за работа.

Постапка и рокови за остварување на право од социјална заштита е пропишана со Законот за социјалната заштита, а се применува и Законот за општата управна постапка. Во постапката се врши проверка на исполнетоста на условите, предвидени во законот и подзаконските акти, преку прибавување на службени податоци од надлежните институции со електронска размена на податоците, како и докази кои барателот или корисникот на правото ги приложува.

По барањето за остварување на право од социјална заштита во прв степен решава центарот за социјална работа надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето има живеалиште или престојувалиште. По жалбата против решение на центар за социјална работа решава Министерството, освен за правото на гарантирана минимална помош и социјалната сигурност за старите лица, за кои права по жалба решава Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка по работен однос во втор степен. Жалбата, се поднесува преку надлежниот центар за социјална работа.

Со оглед на тоа дека постапката по жалба е уредена со Законот за социјалната заштита, не постои можност за формирање комисија или секторско тело кое ќе одлучува по однос на барањата кои ги поднесуваат лицата кои се во социјален ризик.

Воедно, укажуваме дека Министерството за труд и социјална политика ги превзема сите чекори за олеснување на постапката за аплицирање и решавање за остварување на правото на Гарантирана манимална помош. Имено, согласно Уредба со законска сила за примена на Законот за социјална заштита за време на вонредна состојба („ Службен весник на РСМ“ бр.89/20 и 108/20), материјалната

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за социјална заштита -

необезбеденост на домаќинството се утврдува од вкупната просечна висина на приходите на сите членови по сите основи во месецот пред поднесување на барањето, а користење на правото се овозможува и за домаќинство во чиј член е неработено лице или работниот однос му престанал спогодбено, по негово барање или со отказ од работодавецот поради кршење на договорните обврски или други обврски од работниот однос. Со цел со оваа мерка да се опфатат сите материјално необезбедени домаќинства, невработените лица не се условуваат да се пријават во надлежниот центар за вработување и редовно да ги исполнуваат обврските за евидентирање согласно со прописите за вработување и осигурување во случај на невработеност. Воедно, олеснети се условите за утврдување на имотната состојба, така што како имот, кој корисникот на правото на гарантирана минимална помош може да го отуѓи или изнајми и на тој начин да се издржува, се смета стан во кој не живее, регистрирано моторно возило не постаро од пет години (патничко моторно возило, мотор над 50 см3, комбе, автобус, камион, комбајн и трактор) и градежно земјиште со површина над 500 м2, освен земјиштето на кое се наоѓа објектот каде корисникот живее.

Центарот за социјална работа за остварување на правото на гарантирана минимална помош одлучува врз основа на доставената пропишана документација од подносителот на барањето и обезбедената документација по службена должност, а увидот во домаќинството ќе се изврши во рок од два месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба.

Со почит,

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
**Gjonul Bajraktar**

Изготвил: С.Спасовска